РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1156/4
09-09-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по пријавата со број 12-1156/1 од 21.03.2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметниот случај, од причина што по предметните наводи постапил друг надлежен орган.

До надлежниот орган да се достави одлуката на ДКСК за овој предметен случај, со цел да се достави известување за исходот од постапката, во рок од 60 дена сметано од денот на приемот на оваа одлука, согласно со чл. 24 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1156/1 од 21.03.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1156/1 од 21.03.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, по електронски пат. Пријавата содржи наводи за незаконски изградена куќа во с. Бродец, Општина Чучер Сандево на КП 842 КО Бродец.

Постапувајќи по пријавата, ДКСК побара надлежно постапување, податоци информации и документација од Општина ---------- --------------, која изврши

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

вонреден надзор над законитоста во изведувањето на означената градба во пријавата. Врз основа на доставениот Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр. ------- од 09.04.2025 година на Општина --------- -----------------, произлезе дека предметните наводи во пријавата се потврдуваат и дека инвеститорот ----------------- од ---------------- во Скопје, започнал со изведба на куќа на начин така што изѕидал една просторија со димензии 4,00 X 7,00 m, столбови, две нивоа греди, плоча и приземје со приближни димензии 8,50 X 18,00 m, направил кровна конструкција за покрив, поставил ќерамиди, не поставил градежна столарија – прозори и врати, куќата не била малтерисана, без фасада, при што градбата била во фаза на карабина. За оваа градба, посочениот инвеститор немал правосилно т.е. конечно одобрение за градење издадено од Општина ------------ ------------- и градежно – техничка документација, заради што овластениот градежен инспектор на оваа општина донел Решение бр. ---------- од 14.05.2025 година, според кое, на инвеститорот му се наредува да ја отстрани градбата во рок од 20 дена, а во спротивно ќе се пристапи кон присилно отстранување на градбата. Ова решение е примено од инвеститорот на 20.06.2025 година, видно од неговиот своерачен потпис на истото.

На вака утврденото, ДКСК наоѓа дека по предметните наводи постапила Општина ------------ -----------, како надлежен орган, заради што оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување од страна на ДКСК. До надлежниот орган ќе се достави одлуката на ДКСК за овој предметен случај, со цел да се достави известување за исходот од постапката, во рок од 60 дена сметано од денот на приемот на оваа одлука, согласно со чл. 24 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член